*АГЕНЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

# ПРЕДЛОГ

# П Р О Г Р А М А

# ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

*Ноември  2008*

Врз основа на член 9 од Законот за основање на Агенцијата за енергетика на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија број 62/2005) и член 23 од Статутот на Агенцијата за енергетика на Република Македонија, Управниот Одбор на Агенцијата за енергетика на Република Македонија на седницата оддржана на _____________ година донесе,

**Предлог-Програма за работа на Агенцијата за енергетика на Република Македонија за 2009 година**

**I**

Средствата за работа на Агенцијата за енергетика за 2009 година во вкупен износ од 11.807.000.00 денари, се обезбедени во Буџетот на Република Македонија за 2009 година (Службен весник на Република Македонија бр. 160/2007) раздел 10001- Министерство за економија, програма 3- Развој на енергетиката, подпрограма 31- Агенција за енергетика

**II**

Средствата од точка I на Програмата ќе се користат за следните активности:

1. Управување и реализација на активности и обврски кои произлегуваат од Проектот за одржлива енергија, за што се обезбедени 2.700.000.00 денари (Подпрограма 3А – учество на Владата на Република Македонија за спроведување на проектот).

1.1 Идентификација, техничка и економска оценка и подготовка за финансирање на проекти од областа на енергетска ефикасност и обновливите извори на енергија кои ќе се реализираат преку Агенцијата за енергетика во рамките на Проектот за одржлива енергија поддржан од ГЕФ грантот и управуван од Светската Банка
*Рок:* Спроведувањето на овие активности ќе се одвива во текот на целата 2009 година.
*Индикатори на успешност:* Идентификација на 5 проекти од областа на енергетската ефикасност и 5 проекти од областа на обновливи извори на енергија. Подготовка на 3 проекти за понатамошно финансирање.

1.2 Водење на регистер за издадени гаранции за потекло на произведена електрична енергија од обновливи извори на енергија во согласност со Правилникот за издавање на гаранции за потекло на електрична енергија од обновливи извори на енергија.
Рок: Гаранциите ќе се издаваат во текот на целата 2009 година.
*Индикатори на успешност:* Целосна примена на Правилникот за издавање на гаранции за потекло на електрична енергија од обновливи извори на енергија и оперативно функционирање на регистерот за изададени гаранции. Се очекува дека во 2009 година ќе се издадат 10 гаранции за потекло на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

1.3 Мерење, селектирање и обработка на податоци за потенцијалот на ветерна енергија во Република Македонија.
Рок: Спроведувањето на овие активности ќе се одвива во текот на целата 2009 година.
*Индикатори на успешност:* Мерење и обработка на податоците за потенцијалот на ветерната енергија на 5 локации во Република Македонија.

1.4 Подготовка на правилници, процедури по барање на Министерството за економија.
Рок: Спроведување на овие активности ќе се одвива во текот на целата 2009 година.
Индикатори на успешност: Изработка на: Правилник за издавање и водење на регистар на гаранции за потекло на произведена електрична енергија од комбинирани енергетски постројки, Правилник за стекнување на правото на повластен производител на електрична енергија произведена од комбинирани енергетски постројки, Изработка на студија за процедурите за изградба на енергетски постројки на ветерна енергија и други правилници по барање на Министерството за економија.

1.5 Работилници за зголемување на свеста за потребата од енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија како и информирање на пошироката јавност и потенцијалните инвеститори за можностите на Проектот за одржлива енергија**.**
*Рок:* Активноста ќе се реализира во тек на целата 2009 година.
*Индикатори на успешност:* Организирани 4 регионални работилници со вкупно 160 учесници.

2. Оперативни активности на Агенцијата за енергетика кои произлегуваат од законските и дополнително превземените обврски за реализација на домашни и странски проекти и програми, за што се обезбедени 9.107.000.00 Денари.

2.1 „Проект за создавање на амбиент за воведување на енергетска ефикасност на зградите во Република Македонија" кој ќе го реализираат Агенцијата за енергетика на Република Македонија и Австриската Агенција за енергетика со техничка помош од Австриската агенција за развој.
*Рок:* Спроведувањето на овој проект ќе почне да се одвива во 2009 година и истиот ќе трае 18 месеци.
*Индикатори на успешност:* Изработен правилник за енергетска ефикасност на зградите, спроведена обука на вработените во Агенцијата за енергетика за примена на регулативата и избор и реновирање/адаптирање на конкретен објект во кој ќе се применат технички средства за зголемување на енергетската ефикасност.

2.2 Промоција на енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија од регионални проекти - UNECE Енергетска Ефикасност 21 Женева Швајцарија со активно учество на Агенцијата за енергетика во реализација на регионални енергетски проекти.
*Рок:* Активноста ќе почне да се одвива во текот на целата 2009 година.
*Индикатори на успешност:* Идентификација на инвестициони проекти преку изработка на најмалку 1 проект (студија на случај) и учество на 3 регионални работилници.

2.3 Оформување на база на податоци со ГИС за производителите и потрошувачите на електрична енергија.
*Рок:* Активноста е отпочната во 2008 година и ќе се одвива во тек на целата година 2009 година.
*Индикатори на успешност:* Оформена база на податоци достапна за користење на Владините органи, општините и потенцијаните инвеститори.

2.4 Ажурирање на Стратегијата за енергетска ефикасност и изготвување на акционен план.
Рок: Крај на 2009 година
Индикатори на успешност: Изготвена Стратегија за енергетска ефикасност со Акционен план.

**III**

Агенцијата за енергетика ќе достави извештај со финансиски показатели до Владата на Република Македонија за реализација на Програмата, како и за постигнатите резултати и образложение за евентуалните отстапувања од планираните активности, заклучно со 31.01.2010 година.

**IV**

Оваа програма влегува во сила со донесувањето, а ќе се применува по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

Претседател на Управниот Одбор
Мр. Добре Трајаноски

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ПРОГРАМАТА

Врз основа на член 9 од Законот за основање на Агенцијата за енергетика на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија број 62/2005) и член 23 од Статутот на Агенцијата за енергетика на Република Македонија, Управниот Одбор на Агенцијата за енергетика на Република Македонија на седницата оддржана на ______________година ја донесе Предлог Програма за работа на Агенцијата за енергетика на Република Македонија за 2009 година.

Средствата за работење на Агенцијата во 2009 година се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2009 година (Службен весник на Република Македонија бр.160/2007) раздел 10001- Министерство за економија, програма 3- развој на енергетиката, подпрограма 31- Агенција за енергетика, категории 40- Плати, наемнини и надоместоци за вработените и 42-Стоки и услуги, и изнесуваат 11.807.000.00 Денари и се распределени во следните категории:

| **БУЏЕТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕНЕРГЕРТИКА ЗА 2009 ГОДИНА ( во 000 Денари)** | | |
|---|---|---|
| 40 | Плати, наемнини и надоместоци за вработените (за 6 вработени) | **3.777** |
| 401 | Основни плати | 2.240 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 1.527 |
| 403 | Останати придонеси од плати | 10 |
| 42 | Стоки и услуги | **8.030** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 800 |
| 421 | Комунални услуги, греење,комуникација и транспорт(+ кола) | 700 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 100 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 130 |
| 425 | Договорни услуги ( ГЕФ Проект + УО + 4 привремени вработувања) | 6.150 |
| 426 | Други тековни расходи | 150 |
| | Вкупно | **11.807** |

Одобрените средствата од точка ќе се користат за следните активности:

1. Управување и реализација на активности и обврски кои произлегуваат од Проектот за оджлива енергија за што се обезбедени 2.700.000.00 денари (Подпрограма 3А – учество на Владата на Република Македонија за спроведување на проектот).

1.1 Идентификација на проекти од (ЕЕ) Енергетска Ефикасност и (ОИЕ) Обновливи извори на енергија кои ќе се реализираат во рамките на ГЕФ Проектот за одржлива енергија. ГЕФ-Проектот за оддржлива енергија е наменет за зајакнување на капацитетите на Агенцијата за енергетика, Министерството за економија, МТ ЕСКО и Македонската банка за поддршка на развојот. Исто така проектот треба да обезбеди идентификација на проекти од областа на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија како и подготовка за нивно финансирање. Основа на оваа активност произлегува од потпишаниот договор со Светска Банка на ден 26.02.2007 година за спроведување на проектот за одржлива енергија кој ќе трае до 2010 година. Оваа активност ќе се спроведува со користење на средства обезбедени од ГЕФ Фондот како и со средствата во рамките на категоријата 42-Стоки и услуги од Буџетот на Агенцијата за енергетика за 2009 година.
Спроведувањето на овие активности е отпочната во 2008 година и ќе продолжи до завршување на Проектот за одржлива енергија во 2009 и 2010

година односно  се до крајот на проектот кој е дефиниран на 31 Март 2011 година.

1.2 Изработка на Правилник за издавање и водење на регистар на гаранции за потекло на  произведена електрична енергија од комбинирани постројки. И Правилник за стекнување на правото на повластен производител на електрична енергија од комбинирани постројки. Оваа обврска на агенцијата произлегува од Законот за енергетика и Законот за основање на агенцијата за енерегетика кои го стимулираат воведувањето и зголеменото користење на обновливите извори на енергија. Со правилниците се создадат услови за поттикнување на  инвеститорите преку обезбедување на  повластени тарифи за произведени количини на електрична енергија од комбинирани постројки. Издавањето на гаранции и нивно евидентирање во соодветен регистар ќе се одвива во текот на целата 2009 година и во иднина. Спроведувањето на оваа проектна активност не предизвикува фискални импликации бидејќи средства за нејзино финансирање се обезбедени од ГЕФ грантот.

1.3 Вршење на мерења, селектирање и обработка на податоци за потенцијалот на ветерна енергија во Република Македонија. Со оваа активност која ќе се реализира во рамките на ГЕФ Проектот за одржлива енергија ќе се створат услови за проширување на мерните станици за ветерна енергија за уште 5 локации, а воедно и обработка и селектирање на добиените податоци за потребите на инвеститорите во оваа свера.  Со оваа активност преку проширување на мерењата на нови локации ќе се утврдат реалните можности за користење на ветерната енергија во земјата. Почетните активности за воспоставување на мерниот систем се отпочнати во 2008 година со утврдување на 5 нови локации за вршење на мерење на потенцијалот на ветерот. Овој проект се реализира во соработка со ЕЛЕМ АД, ФЕИТ и Агенцијата за енергетика. Активноста за 4 мерни станици ќе биде финансирана од средства на  ГЕФ грантот преку Проектот за одржлива енергија, а за едно мерно место средства ќе обезбеди Министерството за животна средина, земјиште и море на Република Италија. Дел од средствата за оперативни активнсоти се обезбедени од категоријата 42-стоки и услуги од буџетот на Агенцијата за 2009 година.

1.4  Организирање на локални и регионални работилници и семинари за зголемување на свеста за потребата од енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија како и информирање на пошироката јавност и потенцијалните инвеститори за можностите од ГЕФ Проектот за одржлива енергија**.** Активноста ќе се реализира во текот на цела  2009 година. Со оваа активност би се зајакнала свеста кај граѓаните, а воедно и кај произведувачите и потрошувачите на енергија, како во  јавниот така и во приватниот сектор. Оваа активност исто така претставува ѝ еден од приоритетите на Владата на Република Македонија. Средствата ќе се обезбедат од од категорија 42-стоки и услуги од буџетот на Агенцијата за 2009 година.

2. Оперативни активности на Агенцијата за енергетика кои произлегуваат од законските обврски и превземените обврски за реализација на домашни и странски проекти и програми, за што се обезбедени 9.107.000,00 Денари.

*Напоменуваме дека заради комплексноста на овие активности не можеме да обезбедиме точна распределба на трошоците по категории но истите се однесуваат воглавно на категориите: плати, наемнини и надоместоци за вработените, надоместок на членовите на управниот одбор  и на  стоки и услуги потребни за тековно работење.* Во Прилог 1на оваа Предлог Програма дадена е табела со ориентациони трошоци по категории на трошоци и активности.

2.1 Проект за јакнење на капацитетите на Агенцијата за енергетика ќе се спроведува со помош и техничка и финансиска поддршка на Австриската агенцијата за развој и Австриската агенција за енергетика. Овој проект е наменет за јакнење на капацитетите на вработените во Агенцијата за енергетика, изработка на подзаконски акти за енергетска ефикасност на зградите и финансирање на пилот проект од оваа област. Спроведувањето на оваа проектна активност не предизвикува дополнителни фискални импликации и истата ќе биде финансиски поддржана од Австриската агенција за развој. Активностите ќе почнат да се спроведуваат во 2009 година и е предвидено да траат 18 месеци.

2.2 Промоција на Енергетска ефикасност и Обновливи извори на енергија од регионални проекти - UNECE Енергетска Ефикасност 21 Женева Швајцарија преку активно учество на Агенцијата за енергетика во реализација на регионални енергетски проекти. Предвидено е да се изработат 20 проекти (студии на случај) во 12 земји во Централна и Југоисточна Европа, а исто така се предвидени 3 регионални работилници и 3 семинари за оваа цел. Агенцијата за енергетика е предложена за национален координатор на овој проект. Целта на анализата која ќе се спроведе врз основа на избраните случаи во регионот ќе допринесе за идентификација на развојни инвестициони проекти, зајакнување на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија и промоција на можностите на комерцијалните банки и компаниите за инвестирање во енергетскиот сектор со креирање енергестки инвестиционен фонд. Отпочнувањето на спроведување на оваа проектна активност не предизвикува дополнителни фискални импликации и истата треба да се реализира до крајот на 2009 година.

2.3 Оформување на база на податоци со ГИС за производителите и потрошувачите на електрична енергија. Дата базата ќе обезбеди реална основа за утврдување на состојбите, анализа и планирање на мерки и активности во областа на енергетиката од страна на Министерството за економија, како и дополнителни релевантни податоци за потенцијалните домашни и странски инвеститори во и вон рамките на ГЕФ Проектот за одржлива енергија. Активноста е отпочната во 2008 година и истата со постојано пробирање и обработка како и со ажурирање на податоците ќе продолжи и во 2009 година како и во иднина. Средствата ќе се обезбедат од од категорија 42-стоки и услуги од буџетот на Агенцијата за 2009 година

2.4 Ажурирање на Стратегијата за енергетска ефикасност и изготвување на акционен план. Со оваа активност ќе се ажурира веќе постоечката стратегија со изработка на акционен план и потребни финансиски средства за негова реализација. Активноста ќе се реализира во 2009 година и истата нема да предизвика дополнителни фискални импликации.

**Прилог 1**

Ориентационен преглед на трошоците и потребни финансиски средства за реализација на Програмата на Агенцијата за енергетика за 2009 година е даден во следната табела:

| категорија | ставка | О П И С | Износ Во 000 денари |
|---|---|---|---|
| 40 | | Плати, наемнини и надоместоци за вработените (6) | **3.777** |
| | 401 | Основни плати и надоместоци | 2.240 |
| | 402 | Придонеси за социјално осигурување | 1.527 |
| | 403 | Останати придонеси од плати | 10 |
| 42 | | Стоки и услуги | **8.030** |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 800 |
| | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и трансп. | 700 |
| | 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали | 100 |
| | 424 | Поправки и тековно оддржување | 130 |
| | 425 | Договорни услуги | 6.150 |
| | 1 | Надоместок на членовите на УО | 500 |
| | 2 | Сметководствено финансиски услуги-тековна и приходовна сметка | 200 |
| | 3 | Објави на тендерски документации за различни позиции: студии, консултанти, правилници, преведувања, промоции, експертизи и друго | 200 |
| | 4 | Правно консултантски услуги: студии, правилници, администратино-правни акти, меѓународни договори и друго | 100 |
| | 5 | Организирање на регионални и локални работилници и семинари за зголемување на свеста кај оопштинските кадри и граѓаните. Спроведување на стратегија за ЕЕ | 500 |
| | 6 | Промоција и промотивен материјал за ЕЕ и ОИЕ и организирање на инфо кампања | 200 |
| | 7 | Преведувачки услуги за тековни и идни проекти: АДА, правилници, разни законодани акти, директиви и друго | 100 |
| | 8 | Сметководствено финансиски услуги за девизната и денеррската сметка за меѓународни договори ( ГЕФ, АДА, УН ЕЦ 21, Италиански Фонд и други) | 500 |
| | 9 | Техничко-Консултантски услуги ( проценка, аудит и техничко-економска експертиза за евалуација на проекти) | 150 |
| | 10 | Тендери ( оформување на база на податоци и зголемување на капацитетот на агенцијата, обука на технички лица за преоценка на објекти, студии за ЕЕ на објекти, мерни станици за потенцијал на сончевата енергија, студии за мали био гас постројки, студии за обработка на комунален отпад, студија за примена на геотермалнните води, студија за примена на европските директиви во наШето законодавство) | 1.000 |
| **Подпограма 3-А** | | | |
| | 11 | Управување со проектор и подигање на квалитетот на услугите за ГЕФ проектор за оддржлива енергија-учество на Владата на Република Македонија **Напомена:** Образложение на оваа подпрограма од 11.1 до 11.8 | 2.700 |
| | 11.1 | Објави на тендерска документација за испитување на ветрена енергиа на пет лојкации во Република Македонија за повеќе позиции )студија, шшпедиција, опрема, градежни работи, челични конструкции, правилници еколошки елаборати, софтвери, анализа на податоци, геодетски работи)Ажурирање на базата на податоци со ГИС | 200 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 11.2 | Привремени вработувања за потребите на ГЕФ Проектот преку Агенција за привремени вработувања со согласност од Министерството за Економија и Министерството за Финансии (4 вработувања). Ангажирање на овие вработени за проектот за испитување на ветерната енергија | 1.300 |
| | 11.3 | Правно консултантски услуги ( за апликанти за грантот, меѓународни консултанти, техничка поддршка на апликанти и друго) | 200 |
| | 11.4 | Патни и дневни трошоци за вработените за работа на терен за потребите од мерење на ветерната енергија | 300 |
| | 11.5 | Промоција и промотивен материјал за ГЕФ Проектот за одржлива енергија | 250 |
| | 11.6 | Преведувачки услуги за ГЕФ Проектот, договори од апликанти, анекси од основниот договор, правилници | 100 |
| | 11.7 | Технички Консултантски услуги ( проценка, аудит и техничко економска експертиза за евалуација на проекти | 250 |
| | 11.8 | Разни тековни расходи за потребите на ГЕФ Проектот ( канцелариски материјал, комуникациски, транспортни и други услуги) | 100 |
| | 426 | Други тековни услуги | **150** |